26874

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting
МЛАД БОРЕЦ
СКОПЈЕ
-8. X. 1980 1324,4

● Изложба

# СОВРЕМЕНАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Пред неколку месеци сараевската публика имаше можност да се запознае со дел од творештвото на македонските ликовни уметности. Станува збор за изложбата „15 современи македонски ликовни уметници". Како одраз и резултат на меѓурепубличката културна соработка дојде до оваа изложба и нејзиниот реципроцитет. Имено во Музејот на современата уметност во Скопје беше отворена изложбата на современата босанско-херцеговачка уметност, која освен реципрочниот карактер имаше за цел да на македонската ликовна публика и го презентира творештвото на оваа Република и нејзините актуелни движења во рамките на модерниот ликовен израз.

Иако би можело да се очекува ваква манифестација да има извесна национална изразност или обоеност, сепак суштината на изложбата не можеме да ја окарактеризираме како препознатлива и со условно формални одлики на една етничка групација. Сосема е разбирливо дека школувањето во познатите европски центри за ликовна уметност одиграло многу важна улога во формирањето, интерпретацијата и третманот на модерната уметност во Босна и Херцеговина. Меѓутоа ова школување се однесува воглавно на постарата генерација која своите искуства и стилски определби ги донела во новата средина и ги надградила во својот културен простор и наследство. Сепак овој ликовен интегритет мораме да го сфатиме доста условно бидејќи, слично како и во нашата република, поедини ликовни дисциплини немале јасна и цврста цел т.е. традиција за која би се врзале. Ова посебно се однесува на пластичните примери кои воглавно се јавувале како орнаментални решенија и декорации на урбаните и архитектонски целини.

Припадниците на помладата генерација (школувани во нашата земја) свртени се кон современите и актуелни збиднувања во ликовниот свет и прогрес.

На изложбата беа застапени 33 автори со индивидуални толкувања и стилски определби во кои доминираа две пошироко сфатени категории, односно определби — фигурација и апстракција.

Во фигуративниот третман на мотиви забележително место зазема Хипер — реализмот како една лична модификација на својот можеби довчерашен стилско — мотивски третман на уметноста. Во ова се уште присутно хипер — реалистичко определување застапени се Миливое Унковиќ со доста убедлива материјализација на просторните и природните феномени, Салим Обралиќ со интересната организација и загаситиот колирит на предметите т. е. алатите, Фрањо Ликар се определил за чиста фигуративна концепција на едноличниот тоналитет и извесен мотивски апсурд. Во оваа група со својата стилска ориентација можат да се вклучат и Слободан Бијелац и Ибраим Љубовиќ. Од другите уметници сл::кари, кои се доследни на своето фигуративно определување посебно место зазема Исмар Мујезиновиќ.

Во квалитетното ниво односно со оваа валоризација во потполност можат да се окарактеризираат и неверојатните достигнувања во графичката техника на Мерсад Бербер. Сеад Мусиќ и Младен Солдо исто така припаѓаат на фигуративната ориентација, Мусиќ во некоја бонаровска атмосфера и своевидно поентелистичко градење на просторот, додека Солдо се приближува кон некои карактеристични особини од своето поднебје.

Во оваа група но во цртеж застапени се Борислав Алексиќ, Момчило Голуб, Алија Кучукалиќ, Владимир Познановиќ и Мехмед Заимовиќ. Во графиката покрај споменатиот Мерсад Бербер, застапени се: Томислав Дугоњиќ, Петар Велдек, и Џевад Хозо.

Во другата условно одредена група со апстрактни определувања се истакнуваат Љубомир Перчинлиќ, со минималарстичка концепција, Радослав Тадиќ со лирска апстракција, Звонимир Пожар со асоцијативни мотиви, Един Нуманкадиќ со едноставност и колористички однос светлосен пресек, во сличен тоналитет и асоцијативен пресек е сликарството на Мирко Мариќ, Бекир Мисирлиќ, Ратко Лалиќ и Мурадиф Черимагиќ кои исто така и не излегуваат од рамките на лирската апстракција и од извесна деструкција на мотивите. Нусрет Пашиќ е некаде на преодот од асоцијативноста и фигуративноста кон апстракцијата на мотивите.

Како што веќе речено босанскохерцеговачката пластична традиција немала позначајно влијание на современата скулптура па кко последица на тој недостиг и пример — скулптура како ликовна дисциплина се појавила дури во шестата деценија.

Затоа и скулптурата е доста скромно застапена на оваа изложба но не би можело да се рече дека има подредена улога и дека не ветува добар развој и уметничка рамноправност во Босна и Херцеговина. Од скулптори застапени се: Лука Илиќ со реалистичен портрет во мермер на другарот Тито, Бошко Кукански со необична комбинација на материјали, Арфан Хозиќ со употреба на нови материјали во доследната стилизација на обликот, Јулка Ѓуретиќ со необичната концепција на портрети во класичниот материјал — дрвото, Ибрахим Билајац со стилизиран портрет во патиниран гипс, Љупко Антуновиќ со групирање и синтеза на асоцијативниот волумен, Никола Нириќ со слободното третирање на обликот во дрво и на крај Мустафа Скопљак со обоени гипсани облици кои се воедно и најблиску на некоја фолклорна традиција односно впечаток кој е потенциран со споменатиот колорит.

Оваа изложба секако многу придонесе повеќе да се запознаеме со ликовната релација и подемот на современата ликовна уметност на Босна и Херцеговина.

● **богдан мусовиќ**

**(Кон Изложбата на Современата ликовна уметност на Босна и Херцеговина, Музеј на Современа уметност, Скопје)**